ЈАВЕН КОНКУРС ЗА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
„ТВОЈ ДАНОК, ТВОЈА ИДНИНА“

По повод одбележувањето на Св. Матеј – Денот на даночниците, Управата за јавни приходи ги повикува учениците од основните училишта да се вклучат во креативна активност и преку своите идеи, цртежи и други креативни изработки да ја претстават својата визија за значењето на даноците и нивниот придонес за подобра иднина.

ВАШАТА КРЕАТИВНА ЗАДАЧА
Преку:
- Цртежи и илустрации;
- Колажи и постери;
- Други ликовни и креативни изработки поврзани со темата „Твој данок, твоја иднина“.

или друг креативен приказ учениците да доловат како плаќањето даноци придонесува за подобрување на квалитетот на животот и развојот на нашата заедница.

ИДЕЈА
- Како даноците помагаат да имаме подобри училишта и услови за образование;
- Зошто ни се потребни болници, паркови, патишта и игралишта;
- Како преку заеднички придонес градиме подобра и посигурна иднина;
- Како ја замислувате вашата заедница во иднина.

НАЧИН НА УЧЕСТВО
Инивидуално или тимски.

НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ:
Училиштата ја доставуваат оригиналната изработка по пошта или лично до Управата за јавни приходи, а фотографија од изработката се доставува по е- пошта на: konkurs@ujp.gov.mk

Наслов на е-пораката: ***„КОНКУРС – ТВОЈ ДАНОК, ТВОЈА ИДНИНА“***

СПОДЕЛУВАЊЕ НА КРЕАТИВНИТЕ ИЗРАБОТКИ

Изработките ќе бидат претставени преку комуникациските канали на Управата за јавни приходи, со цел да се промовира креативноста на учениците и да се поттикне свесноста за значењето на даноците уште од најрана возраст.

Активноста има едукативен и креативен карактер и не подразбира натпреварување или доделување награди.

Твој данок, твоја иднина!

БИДЕТЕ КРЕАТИВНИ.
ИСПРАТЕТЕ ЈА СВОЈАТА ПОРАКА.
БИДЕТЕ ДЕЛ ОД ПРОМЕНАТА!



Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Управа за јавни приходи